ИНФОРМАТИВЕН ГЛАСНИК НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО - ШТИП, ГОДИНА 10, БРОЈ 23, 2015



## ПОТПИШАНА ПОВЕЛБА ЗА ЗАШТИТА НА ЛЕКАРИТЕ

## АМЕРИКАНСКИ ХИРУРЗИ - ОФТАЛМОЛОЗИ ПОВТОРНО ВО КЛИНИЧКА БОЛНИЦА - ШТИП

## ВОВЕДЕНИ НОВИ ОПЕРАЦИИ ВО ХИРУРГИЈАТА

## СПРОВЕДЕНА ТРОМБОЛИТИЧНА ТЕРАПИЈА КАЈ 4 ПАЦИЕНТИ

СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ

# НЕГА НА БОЛНИ СО МОЗОЧЕН УДАР

Васка Стојанова Роглева,
Ментор, проф. д-р Гордана Панова

Одделението за мозочни удари е специјализирана единица за интензивна нега, во која што се згрижуваат само пациенти со мозочни удар, која што е опремена со комплетен мониторинг за згрижување и следење на витално загрозените пациенти. На пациентот му се посветува посебно внимание, како во однос на терапијата, така и во однос на негата.

**Методи и материјали:** Во овој специјалистички труд користени се податоци од одделението за Невропсихијатрија од општата болница во Струмица, при што направена е консултација со дел од вработените кои учествувале во дијагностицирање и третман на дел од пациентите заболени со мозочен удра .За обработка на податоците користени се дескриптивен и социјално- медицински метод на работа со статистичка обработка на податоците и соодветна стручна литература која ја обработува оваа проблематика.Резултатите од испитувањата се прикажани, табеларно и нумерички.

**Резултати:** Да се прикаже бројот на пациенити со мозочни удари, селектирани според пол, во Општата болница во Струмица, во текот на 2013 година.

*Табела број 1. Број на пациенти со мозочен удар, селектирани според пол, во Општа болница во Струмица, во 2014 год.*

| Пол | 2014 година |
|---|---|
| Машки | 345 |
| женски | 403 |

**Дискусија:** Од табелата број еден и од податоците кои што се прикажани во неа, можеме да согледаме дека во текот на 2014 година, во Општата болница во Струмица биле хоспитализирани повеќе од 700 пациенти со мозочен удар, од кој поголем број од лицата, се припадици на женскиот пол, односно вкупно 403 пациентки, со што разликата во споредба со појавата на мозочниот удар кај мажите е незначителна, односно во 2014 година имало хоспитализирани околку 50 помалку припадници на машкиот пол.

**б.)** Да се прикаже вкупниот број на пациенти со мозочен удар, хоспитализирани на одделението за Невропсихијатрија, во Општа болница во Струмица, според типот на церебралното нарушување, во текот на 2014.

*Табела бр.2 Број на пациенти хоспитализирани во Општа болница во Струмица, според типот на церебрално нарушување, во 2014 год.*

| Вид на церебрално нарушување | 2014 година |
|---|---|
| **Исхемии** | 567 |
| **Хеморагии** | 26 |
| **ТИА** | 88 |
| **Егзитус** | 32 |
| **Други нарушувања** | 35 |

**Дискусија:** Податоците кои што се претставени во табелата бр. 2, говорат за тоа дека, најчестата причина, односно нарушување, кое што доведува до појава на мозочен удар, е исхемијата, значително поретко нарушување е транзиторната исхемична атака (ТИА), додека малку поретка причина е хеморагијата.

**Заклучок:** Од овој труд и од сето она што претходно го наведовме во него можеме да дојдеме до заклучок дека, мозочниот удар претставува една состојба настаната како резултат на намалување или прекинување на оксигенацијата на мозочното ткиво и како таква претставува витално загрозувачка состојба. Најчесто се јавува кај постари лица, но статистиката во последните години говори дека се почесто се јавува кај лица во средна доба на живот, односно околу четириесеттата година. За таа цел потребно е да се превенира појавата на МУ и тоа со здрав начин на живот, односно здрава исхрана, без алкохол и пушење, физичка активност, а воедно и едукација за знаците и симптомите на МУ, за навремена дијагноза и намалување на последиците.

### КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Maksimović, M. ZDRAVSTVENA NEGA U NEUROLOGIJI, Beograd, 2009 .
2. Nacionalni vodič dobre kliničke prakse- Ishemijski moždani udar, Klinički vodič 4/11, Beograd 2012 .



СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ

# НЕГА И ТРЕТМАН НА ПАЦИЕНТИ СО ЦЕРЕБРОВАСКУЛАРНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ПЕРИОД ОД 2010-2014 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ВЕЛЕС

*Жаклина Кочова,*
*Ментор, проф. д-р Гордана Панова*



Основна цел во ова истражување се пациентите со цереброваскуларни болести,примена на здравствена нега, како и ефектите од негата.

**Материјали и методи**:Во овој труд користени се податоци од Невропсихијатриско одделение при Општа болница во Велес. Користени се податоци од Одделот за невролошки заболувања и направена е консултација со дел од вработените и докторите кои учествувале во третман и рехабилитација на дел од пациентите. За обработка на податоците користени се дескриптивен, епидемиолошки и социјално- медицински метод на работа со статистичка обработка на податоците и соодветна стручна литература која ја обработува оваа проблематика. Резултатите од испитувањата се прикажани графички, табеларно и нумерички.

**Резултати и дискусија**:Од спроведеното истражување се констатира дека во Општа болница во Велес, на Одделението за Невропсихијатрија бројот на заболени лежечки пациенти со Церебро- васкуларни заболувања е најголем во 2012 година и тоа вкупно 306 пациенти, а најмал број се забележани во 2010 година и тоа вкупно 238 пациенти.Најголем број од заболените со Цереброваскуларни болести се од машки пол кои живеат во град, на возраст од 71-80 години..Најголем дел од пациентите кои во периодот од 2010-2014 година имале ЦВЗ биле пациенти без физичка активност, односно невработени лица и службеници.

**Заклучок**: Меѓу невролошките заболувања на возрасните, мозочниот удар е на прво место по честотата на појавата, а на трето место по смртноста. Инвалидноста на преживеаните е кај повеќе од 50% од случаите, а неспособноста за живот без туѓа помош во 30% од случаите. Најчесто симптомите се нанајавени, но може да се осетат неколку недели или месеци, пред првиот удар. Пациентите сепак не ги препознаваат симптомите, или се игнорираат или се поистоветуваат со секојдневниот стрес и замор, па дури се игнорираат. Во главно се: проблем во говор и концентрација кои се јавуваат во многу кратки моменти. Краткотрајна парализа, чувство на слабост, губење на здив. Причините можат да исчезнат за неколку минути или час, но и да предизвикаат оштетување на мозокот. Најчесто може да се доведе до парализирање не само на рацете и нозете, туку и на лицето. Тешкотии со говорот, главоболка до губење на свеста. Мозочниот удар е итна медицинска состојба и бара итен превоз и згрижување на болниот во адекватно опремена здравствена установа.

## РЕФЕРЕНЦИ:

1. Проф.др Снежана Влашки-Јекиќ, проф.др Лилјана Илиевска, проф.др Радослав Наумовски, проф.др Анте Поповски, проф.др Вера Даскаловска, проф.др Ристо Љапчев, проф.др Вера Петрова, проф.др Илија Џонов; „Основни принципи на современата неврологија"; Просветно дело, Скопје, 2002г.
2. Проф.др Јовица Угриновски, проф. др Спасе Јовковски, проф.др Илија Пранговски, проф.др Кирил Лозанче, доц.др Владо Столевски; „Неврохирургија", Култура, Скопје, 2003г.